ДРЖАВНО СРЕДНО
УЧИЛИШТЕ ЗА ЛИКОВНА
УМЕТНОСТ И ДИЗАЈН
„ЛАЗАР ЛИЧЕНОСКИ" СКОПЈЕ

STATE SECONDARY
SCHOOL OF
ART AND DESIGN
„LAZAR LICHENOSKI" SKOPJE

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë se Veriut
Државно средно училиште за ликовна уметност и дизајн Лазар Личеноски
Shkolla e mesme shtetërore për art dhe dizajn Llazar Liçenoski
Бр.Nr. 03-132/1
8.4. 2026 год.viti
Скопје – Shkup

**Согласно конкурсот од Министерството за образование и наука за запишување ученици во јавните средни училишта во учебната 2026/2027 година во Република Северна Македонија, Училишната комисија за спроведување на Конкурсот за запишување на ученици во јавните средни училишта, за учебната 2026/2027 година објавува:**

## ИНТЕРЕН ОГЛАС

**За упис на ученици во I (прва) година во Државното Средно Училиште за Ликовна Уметност и Дизајн –„Лазар Личеноски" - Скопје**

Во прва година во учебната 2026/2027 година ќе се запишат 68 ученици во 2 паралелки со настава на македонски јазик според наставните планови и програми за:

| **Уметничко образование, ликовна уметност и дизајн - 68 ученици, 2 паралелки** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Образовен профил** | **Наставен јазик** | **Бр. на ученици** | **Години образование** | **Поени** |
| Сликарски дизајнер | македонски | 12 ученици | 4 години | 45 минимум поени |
| Мултимедиски дизајнер | македонски | 12 ученици | 4 години | 45 минимум поени |
| Вајарски дизајнер | македонски | 6 ученици | 4 години | 45 минимум поени |
| Графички дизајнер | македонски | 12 ученици | 4 години | 45 минимум поени |
| Дизајнер за текстил и облека | македонски | 12 ученици | 4 години | 45 минимум поени |
| Дизајнер за керамика | македонски | 4 ученици | 4 години | 45 минимум поени |
| Дизајнер за ентериер, мебел и индустриски производи | македонски | 10 ученици | 4 години | 45 минимум поени |

# Услови за запишување на учениците

УСЛОВИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИ ВО ПРВА ГОДИНА СЕ:

- УЧЕНИКОТ ДА ИМА ЗАВРШЕНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ (во средното уметничко образование може да се запишат и надарени ученици, а со незавршено редовно основно образование, по претходна писмена согласност од Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија врз основа на предлог од училиштето, со обврска паралелно да се здобијат со основно образование);
- УЧЕНИКОТ ДА НЕ Е ПОСТАР ОД 17 ГОДИНИ, а ученик со посебни образовни потреби да не е постар од 25 години;
- УЧЕНИКОТ ДА СЕ ОПРЕДЕЛИЛ ЗА ПЛАН И ПРОГРАМА ЗА СРЕДНО УМЕТНИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ;
- УЧЕНИКОТ ДА ГИ ИСПОЛНУВА КРИТЕРИУМИТЕ УТВРДЕНИ СО ОВОЈ КОНКУРС;
- ДА ГО ПОЛОЖИЛ ПРИЕМНИОТ ИСПИТ;
- ПОСЕБНИ УСЛОВИ УТВРДЕНИ ОД ОВОЈ УЧИЛИШЕН ЦЕНТАР :

ЗА УЧЕНИЦИТЕ КОИ ЗАВРШИЛЕ ДЕВЕТТО ОДДЕЛЕНИЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, А ЕДНО, ДВЕ ИЛИ ТРИ ОДДЕЛЕНИЈА (VI, VII ИЛИ VIII ) ЗАВРШИЛЕ ВО СТРАНСТВО, ЗА ТИЕ ОДДЕЛЕНИЈА СЕ ЗЕМА УСПЕХОТ ОД ДЕВЕТТО ОДДЕЛЕНИЕ И ВАЖАТ ИСТИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА УЧЕНИЦИТЕ ДАДЕНИ ВО КОНКУРСОТ.

УЧЕНИЦИТЕ ОД РОМСКА ЕТНИЧКА ЗАЕДНИЦА МОЖАТ ДА СЕ ЗАПИШАТ ВО ОДРЕДЕНО ЈАВНО СРЕДНО УЧИЛИШТЕ АКО ИМААТ ДО 10% ПОМАЛКУ ПОЕНИ ОД БРОЈОТ НА ПОЕНИ ПРЕДВИДЕНИ СОГЛАСНО КОНКУРСОТ ЗА СООДВЕТНИТЕ НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ И АКО ГИ ЗАДОВОЛУВААТ ДОПОЛНИТЕЛНИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ИСПИТ НА ЗНАЕЊЕ И ВЕШТИНИ ВО УЧИЛИШТЕТО.

## ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ за запишување

По успешното електронско пријавување, учениците ја доставуваат следната документација:

- ПРИЈАВА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ – (пријавата учениците ја генерираат со печатење на електронската пријава преку системот за е-услуги);

- ОРИГИНАЛНИ СВИДЕТЕЛСТВА ОД VI-IX ОДДЕЛЕНИЕ;

- ДИПЛОМИ (ДОКОЛКУ ИМААТ) ОД ОСВОЕНИ (I, II И III) МЕСТА ОД МЕЃУНАРОДНИ И ДРЖАВНИ НАТПРЕВАРИ ОД МАЈЧИН ЈАЗИК, СТРАНСКИ ЈАЗИК И ЛИКОВНО ОБРАЗОВАНИЕ.

- ИЗВОД ОД МАТИЧНА КНИГА НА РОДЕНИТЕ (БЕЗ ОГЛЕД НА ДАТУМ НА ИЗДАВАЊЕ);

- ПРОЦЕНКА ЗА ПОПРЕЧЕНОСТ ОД СИСТЕМОТ ЗА ПРОЦЕНКА НА ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

- УПЛАТНИЦА СО УПЛАТЕНИ 1000 ДЕНАРИ НА ДСУЛУД "ЛАЗАР ЛИЧЕНОСКИ" – СКОПЈЕ ДЕПОНЕНТ НА НБРМ 100000000063095 Трансакциска сметка на корисник 1600103344 787 17 Приходно конто 723013 програма 30 со назнака ЗА ПРИЕМЕН ИСПИТ(ЗА МАТЕРИЈАЛИ - неповратни средства)

- ПРИЈАВУВАЊЕТО СЕ ВРШИ ЛИЧНО ОД СТРАНА НА УЧЕНИКОТ, НЕГОВИОТ РОДИТЕЛ ИЛИ СТАРАТЕЛ

**ПРИЈАВУВАЊЕТО И ЗАПИШУВАЊЕТО НА УЧЕНИЦИТЕ ЌЕ СЕ ВРШИ ВО - ЈУНСКИ УПИСЕН РОК СО ДВЕ ПРИЈАВУВАЊА.**

ПРИЈАВУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ ЌЕ СЕ ВРШИ ПРЕКУ ЕЛЕКТРОНСКО АПЛИЦИРАЊЕ, ПРЕКУ ПОРТАЛОТ uslugi.gov.mk СО ПОСЕБНА НАЈАВА ЗА УЧЕНИЦИ ПРЕКУ СОПСТВЕНИТЕ КОРИСНИЧКИ СМЕТКИ НА schools.mk.

**ПРВОТО ЕЛЕКТРОНСКО ПРИЈАВУВАЊЕ** НА УЧЕНИЦИТЕ ЌЕ СЕ ВРШИ ОД 00:00 ЧАСОТ НА 12 ЈУНИ ДО 23:59 ЧАСОТ НА 15 ЈУНИ 2026 ГОДИНА.

**ПРИЕМ НА ДОКУМЕНТИ ВО УЧИЛИШТЕТО** НА 16 ЈУНИ 2026 ГОДИНА ОД 08:00 ДО 19:00 ЧАСОТ И НА 17 ЈУНИ 2026 ГОДИНА ОД 08:00 ДО 15:00 ЧАСОТ.

**СТРУЧЕН ПРИЕМЕН ИСПИТ** ЌЕ СЕ ОРГАНИЗИРА ВО УЧИЛИШТЕТО НА 18 ЈУНИ 2026 ГОДИНА СО ПОЧЕТОК ОД 09.00 ЧАСОТ ДО 12.00 ЧАСОТ И НА 19 ЈУНИ 2026 ГОДИНА СО ПОЧЕТОК ОД 09.00 ЧАСОТ ДО 12.00 ЧАСОТ, **А КОНЕЧНИТЕ РАНГ ЛИСТИ СО РЕЗУЛТАТИТЕ ЌЕ СЕ ОБЈАВАТ НА 22 ЈУНИ 2026 ГОДИНА**, ВО УЧИЛИШТЕТО И НА ИНТЕРНЕТ СТРАНАТА НА УЧИЛИШТЕТО, А УЧИЛИШНАТА КОМИСИЈА ВО РОК ОД 4 ЧАСА ПО ИСТАКНУВАЊЕ НА ИСТАТА РЕШАВА ПО ПРИГОВОРИ НА УЧЕНИЦИ.

**ВТОРОТО ЕЛЕКТРОНСКО ПРИЈАВУВАЊЕ** НА УЧЕНИЦИТЕ ЌЕ СЕ ВРШИ НА 23 ЈУНИ 2026 ГОДИНА ОД 00:00 ЧАСОТ ДО 23:59 ЧАСОТ.

**ПРИЕМ НА ДОКУМЕНТИ ВО УЧИЛИШТЕТО** НА 24 ЈУНИ 2026 ГОДИНА ОД 08:00 ДО 15:00 ЧАСОТ.

**СТРУЧЕН ПРИЕМЕН ИСПИТ** ЌЕ СЕ ОРГАНИЗИРА ВО УЧИЛИШТЕТО НА 25 ЈУНИ 2026 ГОДИНА СО ПОЧЕТОК ОД 09.00 ЧАСОТ ДО 12.00 ЧАСОТ И НА 26 ЈУНИ 2026 ГОДИНА СО ПОЧЕТОК ОД 09.00 ЧАСОТ ДО 12.00 ЧАСОТ, А **КОНЕЧНИТЕ РАНГ ЛИСТИ СО РЕЗУЛТАТИТЕ ЌЕ СЕ ОБЈАВАТ НА 29 ЈУНИ 2026 ГОДИНА**, ВО УЧИЛИШТЕТО И НА ИНТЕРНЕТ СТРАНАТА НА УЧИЛИШТЕТО, А УЧИЛИШНАТА КОМИСИЈА ВО РОК ОД 4 ЧАСА ПО ИСТАКНУВАЊЕ НА ИСТАТА РЕШАВА ПО ПРИГОВОРИ НА УЧЕНИЦИ.

**АВГУСТОВСКИ УПИСЕН РОК:**

УЧЕНИЦИТЕ КОИ СЕ УПАТЕНИ НА **ПОПРАВНИ ИСПИТИ, ИСПИТ НА ГОДИНАТА, ИСПИТИ ЗА ПОБРЗО НАПРЕДУВАЊЕ**, МОЖЕ ДА СЕ ЗАПИШАТ ВО УЧИЛИШТАТА ВО КОИ ИМА **СЛОБОДНИ МЕСТА ПОСЛЕ ЈУНСКИОТ УПИСЕН РОК со две пријавувања**.

**ПРИЈАВУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ ЌЕ СЕ ВРШИ НА 20 АВГУСТ 2026 ГОДИНА ОД 00:00 ЧАСОТ ДО 15.00 ЧАСОТ електронски.** ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА ДО УЧИЛИШТЕТО Е НА **21 АВГУСТ 2026 ГОДИНА ОД 08.00 ДО 14:00 ЧАСОТ,** СОГЛАСНО ИЗГОТВЕН РАСПОРЕД ОД СТРАНА НА УЧИЛИШТЕТО.

ПРИЕМНИОТ ИСПИТ ЌЕ СЕ ОДРЖИ НА **24 АВГУСТ** СО ПОЧЕТОК **ВО 09:00 ЧАСОТ ПРВ ДЕЛ** (ПОРТРЕТ) И **ВТОР ДЕЛ** СО ПОЧЕТОК **ОД 12:00** ЧАСОТ (МРТВА ПРИРОДА).

ДРЖАВНО СРЕДНО
УЧИЛИШТЕ ЗА ЛИКОВНА
УМЕТНОСТ И ДИЗАЈН
„ЛАЗАР ЛИЧЕНОСКИ“ СКОПЈЕ

STATE SECONDARY
SCHOOL OF
ART AND DESIGN
„LAZAR LICHENOSKI“SKOPJE

**КОНЕЧНИТЕ РАНГ ЛИСТИ СО РЕЗУЛТАТИТЕ ЌЕ СЕ ОБЈАВАТ НА 25 АВГУСТ 2026 ГОДИНА,** ВО УЧИЛИШТЕТО И НА ИНТЕРНЕТ СТРАНАТА НА УЧИЛИШТЕТО, А УЧИЛИШНАТА КОМИСИЈА ВО РОК ОД 4 ЧАСА ПО ИСТАКНУВАЊЕ НА ИСТАТА РЕШАВА ПО ПРИГОВОРИ НА УЧЕНИЦИ.

**КОНКУРСНИ РОКОВИ**

**Прво пријавување**

Прием на документи : 16 и 17 јуни 2026 година

**Полагање на стручниот приемен испит:**

**18.06.2026** година година со почеток **во 9 часот (цртање на портрет по модел на гипсана глава или жив модел)**

**19.06.2026** година со почеток **во 9 часот (цртање на мртва природа)**

**Резултатите** од стручниот приемниот испит, ранг листите и слободните места ќе се објават во училиштето и интернет страницата на училиштето на **22.06.2026 година**.

***Напомена*** :

Учениците заради утврдување на нивниот идентитет потребно е на полагањето на стручниот испит да носат **ученичка книшка од основно образование со заверена фотографија или друг документ за идентификација.**

**Во текот на полагањето на приемниот испит учениците не смеат да носат мобилен телефон или било каков уред со кој може да се фотографира. Секој кој ќе биде виден дека користи веднаш го губи правото на полагање на истиот.**

Во протон пријавување - јунски уписен рок, учениците треба да освојат минимум 45 поени, по основ на општи критериуми за да можат да конкурираат за упис во Училиштето. Од таа причина се советуваат учениците сами да си пресметаат дали го задоволуваат овој услов, а потоа да се обратат до Училиштето за поднесување на документи.

Учениците од ромската етничка заедница треба да освојат минимум 40,5 поени по основ на општи критериуми за да можат да конкурираат за упис во Училиштето .

Документите треба **лично** да се достават во Училиштето, т.е. да не се праќаат по пошта.

Пријавувањето се врши лично со ученикот т.е. со родителот или старателот.

**Учениците кои ја повторувале годината со завршувањето на наставната година, имаат обврска да се запишат во првиот уписен рок**.

***Напомена :***

Според Правилник за прием на нови ученици од Стручниот актив, при пополнување на пријавата за запишување, ученикот кој ќе ја следи наставата на македонски јазик се пријавува само за еден образовен профил при што комисијата за рангирање ги рангира спрема

бодовите, оние што се над прагот кој е претходно утврден на Уметнички актив влегуваат во одделот кој го избрале.

Во исто време ученикот на одреден лист-образец кој ќе го добие од Училиштето го запишува своето презиме, татково име и име, место на живеење и адреса, име и место на основното училиштето од кое доаѓа, го запишува и изборното подрачје за кое се пријавува.

Листот-образец го зема со себе и истиот го приложува во плик кон цртежот од стручниот дел на приемниот испит.

Доколку Училиштето по првото пријавување во јунскиот уписен рок не го пополни потребниот број на ученици, ќе врши упис на ученици и во второто пријавување во јунскиот уписен рок.

По објавување на ранг листите со резултатите од запишувањето, учениците кои не се запишани во училиштето, задолжително ја подигаат целокупната доставена документација поднесена во училиштето во рок од 24 часа.

**Второ пријавување**

Прием на документи : 24 јуни 2026 година

**Полагање на стручниот приемен испит :**

**25 јуни 2026 година** со почеток во **9 часот (цртање на портрет по модел на гипсана глава или жив модел)**

**26 јуни 2026 година** со почеток во **9 часот (цртање на мртва природа)**

**Резултатите** од стручниот приемниот испит, ранг листите и слободните места ќе се објават во училиштето и интернет страницата на училиштето на **29.06.2026 година**.

***Напомена:***

Учениците заради утврдување на нивниот идентитет потребно е на полагањето на стручниот испит да носат **ученичка книшка од основно образование со заверена фотографија или друг документ за идентификација**

**КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР**

**Општи критериуми за избор**

- среден успех на ученикот од VI до IX одделение;

- среден успех на ученикот постигнат по четирите предмети ( мајчин јазик, странски јазик, ликовно образование и историја );

- дипломи (доколку имаат) од освоени (I,II и III) места од меѓународни натпревари како и освоено прво место на државен натпревар организиран од акредитирани здруженија на наставници за реализација на натпревари во основно образование од страна на МОН.

- средна вредност од поени добиени за поведение.

ДРЖАВНО СРЕДНО
УЧИЛИШТЕ ЗА ЛИКОВНА
УМЕТНОСТ И ДИЗАЈН
„ЛАЗАР ЛИЧЕНОСКИ“ СКОПЈЕ

STATE SECONDARY
SCHOOL OF
ART AND DESIGN
„LAZAR LICHENOSKI“SKOPJE

За средниот успех од VI до IX одделение ученикот може да добие најмногу 50 поени (општиот успех од шесто, седмо, осмо и деветто одделение се собира, се дели на четири и истиот број се множи со коефициент 10).

За средниот успех постигнат од четирите наставни предмети (мајчин јазик, странски јазик, ликовно образование и историја), ученикот може да добие најмногу 20 поени (5 поени за секој предмет)

За освоено место од меѓународни и државни натпревари ученикот може да добие најмногу 5 поени. (За освоено место на меѓународни натпревари 5 поени, за освоено место од државни натпревари : 3 поени за прво место, 2 поени за второ место и 1 поен за трето место.) На ученикот му се вреднува само една диплома која носи најмногу поени.

За средна вредност од поените за поведение од VI до IX одделение ученикот може да добие најмногу 5 поени (Примерно поведение се вреднува со 5 поени, добро поведение се вреднува со 3 поени и незадоволително поведение со 0 поени. Средната вредност е збир од поените за поведението од шесто, седмо, осмо и деветто одделение поделен со 4)

Ученикот по сите општи критериуми може да добие најмногу 80 поени.

**Напомена :**

Во првото пријавување - јунски уписен рок, учениците треба да освојат минимално 45 поени, по основ на горенаведените општи критериуми за да можат да конкурираат за упис во Училиштето. Од таа причина се советуваат учениците сами да си пресметаат дали го задоволуваат овој услов, а потоа да се обратат до Училиштето за поднесување на документи. Учениците од ромската етничка заедница треба да освојат минимум 40,5 поени по основ на општи критериуми за да можат да конкурираат за упис во Училиштето.

За учениците кои завршиле деветто одделение во Република Северна Македонија, а едно, две или три одделенија (VI, VII или VIII одделение) во странство, за тие одделенија се зема успехот од деветто одделение и важат истите критериуми за избор на ученици утврдени во огласот.

**Дополнителни критериуми за избор**

**Стручен приемен испит**

Стручниот приемен испит за сите изборни подрачја според планот и програмите за уметничко образование - ликовна уметност и дизајн се состои од два цртежи и тоа:

- цртање на мртва природа
- цртање на портрет по модел на гипсана глава или жив модел

За секој цртеж ученикот може да добие најмногу 25 поени од оценувач (четири оценувачи), вкупно 200 за двата цртежи.

**Напомена :**

Ученикот треба да освои минимум 100 поени од двата цртежа.

Директор

Димитар Филиповски